## Спреченост за креирање на извештај на специјалистот - субспецијалистот

| | |
|---|---|
| Назив на процедурата: | **Спреченост за креирање на извештај на специјалистот - субспецијалистот** |
| ЗУ во кои се применува: | **Секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита** |

### I. Краток опис на процедурата

Оваа процедура се применува во случај кога во установата нема можност да се реализира упат со електронско креирање на извештај на специјалист или субспецијалист и тоа во случај ког апациентот е упатен со специјалистички-субспецијалистички упат или интерспецијалистички упат. Се постапува според следните чекори:

1. Од страна на лекарот или назначено лице во установата (оператор) се издава извештај кој претходно со читлив ракопис рачно се пополнува од страна на лекарот (втор дел од образецот на упатот).
2. По отстранувањето на причините за спреченост за креирање на извештај, во електронскиот систем одложено се внесува извештајот. При внесувањето се забележува причината за одложено креирање на извештај.

### II. Причини за спреченост за креирање на извештај на специјалистот- субспецијалистот

Причините за спреченост за креирање извештај на специјалист или субспецијалист може да бидат следни:

- Прекин во електричната мрежа
- Прекин на интернет конекција
- Хардверски проблем кој не може брзо да се отстрани

Причината за одложено креирање на извештај се внесува во електронскиот систем со избор од опаѓачка листа.